# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 268** **10 ноември 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3521. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на плати на работниците........ | **2** |
| 3522. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност........ | **6** |
| 3523. | **Ценовник** за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите........ | **9** |
| | **Огласен дел**........ | **1-20** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3521.**

Врз основа на член 3 став (1) од Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравственоекономската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ НА РАБОТНИЦИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на плати на работниците.

Член 2

Барањето за финансиска поддршка за исплата на плати на работниците се поднесува на образец „БФП-ИП/2“ отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-7891/1
10 ноември 2020 година
Скопје

Министер за финансии,
Dr. Fatmir Besimi, с.р.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за финансиска поддршка за исплата на платите на работниците

**БФП-ИП/2**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

### А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице ☐ Работодавач - самовработено лице за своите вработени

### Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Месец Година

### В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

а) Месечниот просек на вкупните приходи остварени во периодот од април 2020 година заклучно со месецот кој претходи на месецот за кој се бара финансиската поддршка (односно приходите остварени во месец септември 2020 година, октомври 2020 година или ноември 2020 година за обврзници регистрирани после месец септември 2019) намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени во периодот од месец април 2019 година заклучно со месец септември 2019 година, октомври 2019 година или ноември 2019 година* намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, е намален за:

%

** За обврзниците регистрирани после месец септември 2019 година, како почеток на периодот за споредување на месечниот просек на вкупните приходи, се смета месецот во кој е извршен упис во соодветен регистар за основање.*

б) Бројот на вработени во месецот за кој се бара финансиска поддршка е ист или поголем во однос на бројот на вработени заклучно со месец август 2020 година, со исклучок на одјавените работници по оправданите основи на престанок на работен однос

в) Не е исплатена дивиденда на сопствениците и не е извршена исплата по основ на награда за деловна успешност или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот - барател на финансиска поддршка, до денот на исплатата на платата за месец декември 2020 година

г) Работникот за кого се бара финансиска поддршка, нема остварено нето плата поголема од 39.900 денари за месеците јуни, јули, август или септември 2020 за секој месец одделно и сразмерно на часовите на пријавено работно време

д) Не се исплатува нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиската поддршка на повеќе од 10% од вкупниот број на вработени

ѓ) За работникот за кого се бара финансиска поддршка, не се користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот "Македонија вработува")

е) Работникот за кого се бара финансиска поддршка не е работник пријавен на дополнително работно време согласно член 121 од Законот за работните односи

ж) Во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година, имам остварено кумулативно акумулирани добивки пред оданочување помали од 600.000.000 денари, односно во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година имам остварено кумулативно акумулирани добивки пред оданочување поголеми од 600.000.000 денари и имам повеќе од 2.000 вработени лица во месецот за кој користам финансиска подршка

з) За времетраење на финансиската поддршка и два месеци после месецот за кој е користена финансиската поддршка, бројот на вработени , во однос на бројот на вработени во месецот за кој ќе користам финансиска поддршка, нема да се намали освен согласно условите дефинирани во Законот

### Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

☐ **Ги разбирам горенаведените услови под кои се дозволува финансиската поддршка и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно се пополнети бараните податоци и ги исполнувам горенаведените услови.**

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

БФП-ИП/2

Врз основа на Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, за остварување на правото работодавачот поднесува Барање за финансиска поддршка за исплата на платите на работниците до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Даноци http://etax.ujp.gov.mk, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 3 дена од денот на доставувањето на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ** - се означува соодветно поле согласно формата преку која ја врши својата дејност. Доколку е регистриран како трговско друштво одбира Работодавач - правно лице, доколку е регистриран како физичко лице кое врши самостојна дејност одбира Работодавач - самовработено лице за своите вработени.

**Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

Се одбира само еден од понудените месеци за кој барателот ги исполнува условите и побарува финансиска поддршка за исплата на плата.

**В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА**

Барателот го внесува процентот на намалување на месечниот просек на вкупните приходи со внесување на нумерички знаци, а децималите се одвојуваат со точка (пример 40.25) без внесување на знакот %.

**Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

Барателот изјавува дека под целосна материјална и казнена одговорност сите податоци дадени во ова барање се проверени и целосно вистинити.

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.

**3522.**

Врз основа на член 3 став (1) од Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност.

Член 2

Барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност се поднесува на образец „БФС-СВД/2“ отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-7892/1
10 ноември 2020 година
Скопје

Министер за финансии,
Dr. Fatmir Besimi, с.р.

**ПРИЛОГ**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност

**БФС-СВД/2**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Единствен матичен број на граѓанинот | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |
| Трансакциска сметка | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход

## Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

_____ Месец _____ Година

## В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ а) Месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот од април 2020 година заклучно со месец септември 2020 година, октомври 2020 година или ноември 2020 година (односно приходите остварени во месец септември 2020 година, октомври 2020 година или ноември 2020 година за обврзници регистрирани после месец септември 2019) се намалени најмалку за 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот од месец април 2019 година заклучно со месец септември 2019 година, октомври 2019 година или ноември 2019 година.

** За обврзниците регистирани после месец септември 2019 година, како почеток на периодот за споредување на месечниот просек на вкупните приходи, се смета месецот во кој е извршен упис во соодветен регистар за основање.*

☐ б) Остварениот нето доход пред оданочување во даночниот биланс за 2019 година, односно утврдениот паушален нето-доход за 2019 година не е поголем од 478.800 денари.

☐ в) За времетраење на финансиската поддршка и четири месеци по месецот за кој се користи финансиската помош, нема да престанам со вршење на дејноста, освен во случај на пензионирање или смрт на физичкото лице.

## Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ **Изјавувам дека ги разбирам горенаведените услови под кои се дозволува финансиската поддршка и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно се потполнети бараните податоци и дека ги исполнувам условите**

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

БФС-СВД/2

Врз основа на Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здраствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година за остварување на правото физичкото лице кое врши самостојна дејност поднесува Барање за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Персонален данок https://e-pdd.ujp.gov.mk најдоцна до 10ти во месецот за претходниот месец, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 3 дена од денот на доставувањето на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Единствен матичен број на граѓанинот** - се впишува Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) на лицето кое врши самостојна дејност.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.
- **Трансакциска сметка** - се внесува трансакциската сметка преку која лицето врши трансакции за дејноста.

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ** - се означува соодветно поле согласно начинот на оданочување на остварен доход од вршење на самостојна дејност. Доколку оданочувањето е според вистински доход се одбира “Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход”, доколку пак, оданочувањето е според годишен утврден паушален нето доход се одбира “Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход”.

**Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** - се одбира само еден од понудените месеци за кој бара субвенција за кој ги исполнува условите.

**В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

- Барателот - физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход, треба да ги исполнува сите наведени услови во оваа рубрика, додека барателите кои започнале со вршење на дејност во текот на 2020 и не се оданочуваат според паушално утврден нето-доход треба да ги исполнуваат условите под а) и в),
- Барателот - физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето-доход треба да ги исполнува условите под б) и в), додека барателите кои започнале со вршење на дејност во текот на 2020 и се оданочуваат според паушално утврден нето-доход треба да го исполнат условот под в).

**Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Барателот изјавува под целосна материјална и казнена одговорност дека ги има разбрано условите под кои се дозволува финансиската поддршка, точно се потполнети бараните податоци и дека ги исполнува соодветните услови кои се однесуваат на барателот (според начинот на оданочување).

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.

# ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ СКОПЈЕ - ИЗИКП

**3523.**

Врз основа на член 4-а став 6 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20), а согласно член 15 од Статутот на Приватен научен ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ Скопје (во натамошниот текст „Институтот“), Управниот одбор на Институтот на ден 31.8.2020 година го донесе следниот

## Ц Е Н О В Н И К
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА МИСЛЕЊАТА ЗА ПРОЕКТИРАНИОТ И ИЗВЕДЕНИОТ СТЕПЕН НА МЕХАНИЧКА ОТПОРНОСТ, СТАБИЛНОСТ И СЕИЗМИЧКА ЗАШТИТА НА ГРАДБИТЕ

### 1. Објекти од високоградба

1.1 Висината на надоместокот за мислењето за проектираниот степен на механичкаотпорност, стабилност и сеизмичка заштита (МПС) е функција од еквивалентната пресметана површина (ЕПП) на објектот.

Еквивалентната пресметана површина (ЕПП) на објектот е производ од вкупната бруто развиена површина (ВБР) на објектот и коефициентот за корекција (ЕПП=ВБР•$к_1$•$к_2$•$к_3$)

Вкупна бруто развиена површина (ВБР) е збир од бруто развиените површини на сите катови (нивоа). За катови (нивоа) кои имаат катна висина поголема од 4.5 метри, бруто развиента површина за тој кат (ниво) се множи со односот на висината на соодветниот кат поделена со 4.5.

Коефициентите за корекција се утврдуваат според вид и категоризација на градбата ($к_1$), материјалот од кој е изведен основниот конструктивен систем на градбата ($к_2$) и сложеноста на основниот конструктивен систем ($к_3$), согласно член 4-а став (7) од Законот за градење:

- Коефициент $к_1$, утврден според вид и категоризација на градбата, односно бараното ниво на сеизмичка заштита, дефинирано во член 4 од Правилник за техничките нормативи за изградба на објекти на високоградба во сеизмички подрачја („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/81):

(а) Вон категорија (згради над 25 ката) - коефициент 2.0

(б) Прва категорија - коефициент 1.5

(в) Втора категорија - коефициент 1.0

(г) Трета категорија - коефициент 0.75

(д) Четврта категорија - коефициент (нема потреба од мислење)

- Коефициент к2, утврден според материјалот од кој е изведен основниотконструктивен систем:

(а) Армиран бетон - коефициент 1.0

(б) Челик - коефициент 1.2

(в) Ѕидарија - коефициент 1.2

(г) Дрво - коефициент 1.0

(д) Мешовит - коефициент 1.2

(ѓ) Префабрикуван и преднапрегнат - коефициент 1.2

- Коефициент $к_3$, утврден според сложеност на конструктивниот систем, односно кадешто се потребни дополнителни контроли и анализи:

(а) Регуларен конструктивен систем и темелење - коефициент 1.0

(б) Нерегуларност во конструктивен систем или во темелење - коефициент 1.2

(в) Нерегуларност и во конструктивен систем и во темелење - коефициент 1.3

Висината на надоместокот за мислењето за проектираниот степен (МПС) се пресметува последната табела:

| | Еквивалентна пресметана површина ЕПП ($м^2$) | | Вкупна вредност (денари) | | Пресметка на вредност помеѓу граничните вредности (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| | од | до | од | до | |
| 1 | 0 | 50 | 500,00 | 500,00 | 500 ден |
| 2 | 51 | 100 | 527,50 | 1.875,00 | 500 ден +(ЕПП-50 $м^2$)·27.50 ден |
| 3 | 101 | 300 | 1.897,50 | 6.375,00 | 1.875,00 ден +(ЕПП-100 $м^2$)·22.50 ден |
| 4 | 301 | 1000 | 6.395,00 | 20.375,00 | 6.375,00 ден +(ЕПП-300 $м^2$)·20.00 ден |
| 5 | 1001 | 3000 | 20.390,00 | 50.375,00 | 20.375,00 ден +(ЕПП-1000 $м^2$)·15.00 ден |
| 6 | 3001 | 5000 | 50.385.00 | 70.375,00 | 50.375,00 ден +(ЕПП-3000 $м^2$)·10.00 ден |
| 7 | 5001 | 10000 | 70.382,50 | 107.875,00 | 70.375,00 ден +(ЕПП-5000 $м^2$)·7.50 ден |
| 8 | 10001 | 20000 | 107.881,00 | 167.875,00 | 107.875,00 ден +(ЕПП-10000 $м^2$)·6.00 ден |
| 9 | 20001 | - | 167.880,00 | - | 167.875,00 ден +(ЕПП-20000 $м^2$)·5.00 ден |
| пример: цената за ЕПП=500 $м^2$ изнесува 6.375,00 +(500-300)·20=10.375 денари | | | | | |

1.2 Висината на надоместокот за мислењето за изведен степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита во текот на изградбата (МИС1), се пресметува на истиотначин даден во точка 1.1, со тоа што крајната вредност се намалува за 55%.

1.3 Висината на надоместокот за мислењето за изведен степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита по изградба на целиот конструктивен систем (МИС2), сепресметува на истиот начин даден во точка 1.1, со тоа што крајната вредност се намалува за40%.

1.4 Мислењата за објекти со социјални станови се издаваат без надомест.

### 2. Инженерски објекти

2.1 Висината на надоместокот за мислењето за проектираниот степен на механичкаотпорност, стабилност и сеизмичка заштита (МПС) е функција од параметрикарактеристични за соодветниот објект (должина L и висина H).

Вкупната пресметана цена (ЦП) претставува производ од дефинираната основна цена (ЦО) и соодветни коефициенти кои зависат од категоријата на објектот ($к_1$), материјалот од кој е изграден конструктивниот систем на објектот ($к_2$), како и од коефициент кој е утврден според сложеноста на конструктивниот систем ($к_3$).

ЦП=ЦО•$к_1$•$к_2$•$к_3$

Поради разновидноста на инженерските објекти дефинирани се основни цени (ЦО) заследните објекти:
- Пропусти
- Натпатници и потпатници
- Мостови и вијадукти
- Тунели
- Индустриски оџаци
- Разладни кули
- Потпорни ѕидови
- Далноводи
- Други.

Коефициентите за корекција ($к_1$, $к_2$, $к_3$) се утврдуваат според вид и категоризација наградбата, материјалот од кој е изведен основниот конструктивен систем на градбата исложеноста на основниот конструктивен систем:

- Коефициент $к_1$, утврден според вид и категоризација на градбата според член 57 одЗаконот за градење („Сл.весник на РМ“ 79/13):

(а) Прва категорија - коефициент 1.2

(б) Втора категорија - коефициент 1.0

- Коефициент $к_2$, утврден според материјалот од кој е изведен основниотконструктивен систем:

(а) Армир-бетон - коефициент 1.0

(б) Челик - коефициент 1.2

(в) Ѕидарија - коефициент 1.2

(г) Дрво - коефициент 1.2

(д) Мешовити - коефициент 1.2

(ѓ) Префабрикуван и преднапрегнат - коефициент 1.2

- Коефициент $к_3$, утврден според сложеност на конструктивниот систем, односно кадешто се потребни дополнителни контроли и анализи:

(а) Регуларен конструктвен систем и темелење - коефициент 1.0

(б) Сложен конструктивен систем или сложен тип за темелење - коефициент 1.2

(в) Сложен конструктивен систем и сложен тип за темелење – коефициент 1.3

## 2.1.1 ПРОПУСТИ

| | Вкупна должина (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | L≤6 | 3.100,00 ден | 3.100,00 | 3.100,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | L>6 | 3.100,00 ден + (L-6)·900 ден | 3.100,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.2 НАДПАТНИЦИ И ПОДПАТНИЦИ

| | Вкупна должина (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | L≤10 | 7.500,00 ден | 7.500,00 | 7.500,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | L>10 | 7.500,00 ден + (L-10)·1.200 ден | 7.500,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.3 МОСТОВИ И ВИЈАДУКТИ

| | Должина L и висина H (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | L≤10 и H≤30 | 7.500,00 ден | 7.500,00 | 7.500,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | L≤10 и H>30 | 18.000,00 ден | 18.000,00 | 18.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 3 | 10<L≤100 и H≤30 | 7.500,00 ден + (L-10)·1.200 ден | 7.500,00 | 115.500,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 4 | 10<L≤100 и H>30 | 18.000,00 ден + (L-10)·1.500 ден | 18.000,00 | 153.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 5 | 100<L≤200 и H≤30 | 115.500,00 ден + (L-100)·900 ден | 115.500,00 | 205.500,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 6 | 100<L≤200 и H>30 | 153.000,00 ден + (L-100)·1.000 ден | 153.000,00 | 253.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 7 | L>200 и H≤30 | 205.500,00 ден + (L-200)·500 ден | 205.500,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 8 | L>200 и H>30 | 253.000,00 ден + (L-200)·500 ден | 253.000,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.4 ТУНЕЛИ

| | Должина L (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | L≤10 | 18.000,00 ден | 18.000,00 | 18.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | 10<L≤100 | 18.000,00 ден + (L-10)·1.800 ден | 18.000,00 | 180.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 3 | L>100 | 180.000,00 ден + (L-100)·1.230 ден | 180.000,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.5 ИНДУСТРИСКИ ОЏАЦИ

| | Висина H (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | L≤50 | 24.000,00 ден | 24.000,00 | 24.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | 50<L≤120 | 24.000,00 ден + (H-50)·900 ден | 24.000,00 | 87.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 3 | L>120 | 87.000,00 ден + (H-120)·600 ден | 87.000,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.6 РАЗЛАДНИ КУЛИ

| | Висина H (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | H≤30 | 45.000,00 ден | 45.000,00 | 45.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | H>30 | 45.000,00 ден + (H-30)·1.550 ден | 45.000,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.7 ПОТПОРНИ ЅИДОВИ

| | Висина H должина L (м) | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | H≤6 и L≤10 | 6.200,00 ден | 6.200,00 | 6.200,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 2 | H≤6 и (L>10 и L≤50) | 6.200,00 ден + (L-10)·120 ден | 6.200,00 | 11.000,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 3 | H≤6 и L>50 | 11.000,00 ден + (L-50)·90 ден | 11.000,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 4 | H>6 и L≤10 | 9.300,00 ден | 9.300,00 | 9.300,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 5 | H>6 и (L>10 и L≤50) | 9.300,00 ден + (L-10)·150 ден | 9.300,00 | 15.300,00 | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |
| 6 | H>6 и L>50 | 15.300,00 ден + (L-50)·120 ден | 15.300,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

## 2.1.8 ДАЛНОВОДИ

| | Вкупен број на столбови N | Пресметка на основна цена ЦО (денари) | Вкупна вредност (денари) | | Вкупна пресметана цена (ЦП) во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од | до | |
| 1 | N | N·1.550,00 ден | 1.550,00 | - | ЦП=ЦО·$к_1$·$к_2$·$к_3$ |

2.1.9 ДРУГИ (инженерски објекти кои не се поединечно опфатени со овој ценовник)

За сите типови на инженерски објекти кои не се поединечно опфатени со овој ценовник(сите типови на брани, хидроцентрали, нуклеарни централи, термоцентрали и други),цената за мислењето за проектиран и изведен степен на механичка отпорност, стабилности сеизмичка заштита изнесува 5% од цената за проектирање за конкретниот објект.

2.2 Висината на надоместокот за мислењето за изведен степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита во текот на изградбата (МИС1), за објекти дефинираниод точка 2.1.1 до 2.1.7 се пресметува на истиот начин даден во точка 2.1.1 до 2.1.7 соодветно, со тоашто крајната вредност се намалува за 60%.

2.3 Висината на надоместокот за мислењето за изведен степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита по изградба на целиот конструктивен систем (МИС2), заобјекти дефинирани од точка 2.1.1 до 2.1.7 се пресметува на истиот начин даден во точка 2.1.1 до 2.1.7соодветно, со тоа што крајната вредност се намалува за 60%.

2.4 Висината на надоместокот за мислењето за изведен степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита во текот на изградбата (МИС1), за објекти дефинираниво точка 2.1.8 и 2.1.9 се пресметува на истиот начин даден во точка 2.1.8 и 2.1.9, со тоа што крајнатавредност се зголемува за 20%.

Висината на надоместокот за мислењето за изведен степен на механичка отпорност,стабилност и сеизмичка заштита по изградба на целиот конструктивен систем (МИС2), заобјекти дефинирани во точка 2.1.8 и 2.1.9 се пресметува на истиот начин даден во точка 2.1.8 и 2.1.9,со тоа што крајната вредност се зголемува за 20%.

3. Влегување во сила

Овој ценовник е во примена од 1.9.2020 година.

Бр. 02-108/3
31 август 2020 година
Скопје

Приватен научен институт
ИЗИКП Скопје
Управен одбор
Претседател,
проф. д-р **Михаил Гаревски,** с.р.


СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**

ISSN 0354-1622
2020268